32. Зајди, зајди јасно сл́нце

(Пчиња, Кумановско)




мене ми се веќе досадило,
досадило веќе, додејало,
од два до три настојника!
Први вика: - "ниско жнејте",
други вика: - "брго жнејте",
третјот вика: - "клас збирајте"!
А на крај ми плаче мое мушко дете,
а ја не можу дете да надоју.[1]

АИФ м.л. 3451; Пчиња, Кумановско; пее Даница Голубовска; снимила Лидија Стојановиќ-Лафазановска (1990); мелографирала и дешифрирала Родна Величковска; се пее на залез на сонцето.

---

[1] Слична песна има во зборникот на П. Михајлов под наслов: "Мома жетварка на Овче Поле" (Михајлов 1924: стр. 85, песна бр. 187).